СИНАТА КНИГА

од границата

СИНАТА КНИГА ОД ГРАНИЦАТА

© Македонско здружение на млади правници, 2018

прво издание

Издавач
Македонско здружение на млади правници
ул. „Донбас“ бр. 14/1-6, Скопје

Уредник
Нита Чаволи

Курирање и дизајн
Приватен принт

Печати
Полиестердеј

Тираж

Скопје, 2018

Оваа публикација е подготвена од тимот на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД). Содржината е одговорност на Македонското здружение на млади правници и не ги одразува ставовите на УСАИД или на Владата на САД.






Сите права се задржани. Строго е забрането копирање, дистрибуирање, издавање или менување на оваа публикација, во нејзини делови или во целост, без претходна писмена согласност од издавачот.

ЦИП

СИНАТА КНИГА

од границата



ВОВЕД

„Сината книга од границата” е автентична публикација посветена на човечката издржливост во време на хуманитарна криза. Во периодот 2015/2016 година, повеќе од 800.000 лица поминаа низ нашата земја стуткани во возови, автомобили и камионски приколки, но и одејќи пеш од јужната до северната граница. Последните неколку стотини километри од нивните патешествија, долги илјадници, беа кај нас, близу нашите домови. И по месеци и години поминати во траума предизвикана од прогон од војни и нехумани услови за живеење, тие поседуваа жилавост и сила кои влеваат надеж во човештвото.

Од спротива пак, ги пречекуваа луѓето кои сакаа да помогнат. Оваа книга е сведоштво и за нивната посветеност и понизност.

„Сината книга од границата” извира од две црвени тетратки кои менуваа рака (од правник до правник) во текот на најтешките месеци од бегалската криза во Транзитниот Центар Табановце близу северната граница. Во нив се испишани многу зборови: имиња и презимиња на стотици луѓе, родендени и други важни дати, држави и градови, часови и минути. Во линиите на ракописот се испишани и чувствата на правниците кои секојдневно ја сведочеа најголемата криза на човештвото во последните 50 години. Книгата содржи и фотографии, дело на самите правници, кои се сиров приказ за условите во кои се наоѓаа илјадниците мажи, жени и деца на нивниот пат кон нормален живот. Црвената од тетратките ја заменивме со сина за постојано да не потсетува дека потрагата по мир и добросостојба се наоѓа во сите луѓе и е извор на желбите за подобар свет.

Сите заедно во оваа книга ги оставија своите приказни, за да се запаметат и никогаш да не се повторат.

Нита Чаволи

Во оваа книга се користи текстуален материјал од дневничките записи на тимот на Македонското здружение на млади правници (МЗМП), направени за време на бегалската криза во периодот од 19.01.2016 до 17.09.2016, во транзитниот центар Табановце. Текстот користен од дневниците е транскрибиран во целост, со мали јазични интервенции и унифицирање на термини, заради негово полесно следење од страна на читателите. Користени се и документарни скенови од страници од дневниците, како и парафразирани кратки информации. Во книгата се вклучени и извештаи од тимот на МЗМП за одделни случаи, како и дел од извештајот „Прекршување на човековите права на бегалците и мигрантите долж рутата на Западен Балкан“.

Визуелниот материјал се состои од фотографии од документацијата на МЗМП, авторски фотографии на Илија Прокопиев од Приватен принт, како и негови цртежи според дневничките записи.

Идентитетот на бегалците и мигрантите е сокриен заради заштита на нивната приватност.

Кон документарниот материјал користен во „Сината книга од границата“

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници

NOTES

19.01.2016 / 16:00 - 00:00

Митко Кипровски, Зоран Дранговски, Нафсе Сулејман

- За време на пристигнување на смена во центарот имаше 26 лица. Дел од нив беа од Сомалија. Ја објасниме постапката за азил, меѓутоа не беа заинтересирани.
- Во 18:00 часот пристигна воз со 570 бегалци
- Во 18:30 во центарот имаше делегацијата од Оxfam, го разгледаа кампот, се запознаа со нашиот тим.
- Во ~~12:15~~ 19:00, Митко ја бараше Горан(Чук) отиде во болницата во Куманово за да се сретне со жената чиј сопруг почина на пат за во болница во Скопје. И веќе објасната постапката за азил, меѓутоа жената сака да оди за Германија после погребот.
- Имаше шпекулации дека во болницата во Куманово одбиле да го примат и затоа биле упатени за Скопје.
- 22:00h Горан (Чук) не вчуна на состанок каде што накратко образложи дека ќе треба сите луѓе да се задржат во центарот пречу кој од причина што границата со Србија ќе биде затворена. Дополнително предложи на автобусстаниците да им кажуваме да одат затоа што можно е да не ги пуштаат веќе.

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31 Date
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC

NOTES

-23.20h Пристигна бус со 653 бегалци, според договорот на сите им кажуваме да останат преку ноќта.

-23:40 Горан од Џуџ каже дека границата со Србија ќе се затвори после 00:00 така што кој може да помине да оди веднаш затоа што 00 строго ќе затвараат тука. Голем дел од луѓето заминаа веднаш.

-00:00h Границата сеуште не е затворена и од Србија ни јавуваат дека луѓето веќе пристигнале во Мирановац.



Date	1 2 3	4 5 6 7 8 9	10 11 12 13 14 15	16 17 18 19 20 21 22	23 24 25 26 27 28 29	30 31
	JAN	FEB	MAR	APR	MAY	JUN	JUL	AUG	SEP	OCT	NOV	DEC

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници

21.01.2016 / 00:00 - 08:00 **NOTES**

Елена Георгиевска

По пристигнувањето во центарот и по изборувањата одиконаво беше забележано дека чадорот е празен, со исклучок на едно побеснето семејство од Сирија кое се наоѓаше во првиот голем шатор и кое веднаш по напуштањето на центарот упатувајќи се кон Србија.

Во првиот голем шатор исто така беа присутни тројца Мароканци кои со оглед на доцните ноќни часови не беа расположени да разговараат во врска со нивните права, можности и ризици од задржувањето во центарот.

Во СОС детско село Скопје беше присутна жената чиј маж почина на 13.01.2016. Добив информација дека нејзиниот сопруг го погребале и дека сега е во постапка за добивање на документите кои со посредство на колегите од МЗМП треба да бидат издадени а кои ја потврдуваат неговата смрт.

Во текот на ноќта се до завршувањето на смената беше мирно, немаше пристигнувања на бегалци ниту со воз ниту со такси возила.

Пред завршувањето на смената забележав по другата страна од еден автобус кој се претстави дека е од Пакистан и дека има желба да оди во Германија за да тарабони подобар живот. Со себе немаше едноставно трчки документи. Изборувањето одиновело уште уште а во моментот немаше преведувач на тој јазик.

Напуштање на транзитниот центар Табановце = 08:15 h


Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

21.01.2016 08:00-16:00

Во врска со Пакистанецот имав проблем со тоа што истиот не говореше англиски и/или арапски, а во кампот немавме преведувач од урду. Со помош на *Google maps* му покажав каде се наоѓа (во РМ), а истиот ми покажа со прст дека се упатил кон Велика Британија. Со помош на *Google translate* се обидов да му објаснам дека е нелегално во РМ и дека не може да ја прејде границата, и истиот покажа на своите нозе со намера да каже дека ќе тргне кон Србија.

Жената чиј сопруг почина во кампот и нејзиниот внук беа преместени во еден мал контејнер. Нејзниот внук не се вратил во Гевгелија, како што беше договорено, да извади копија од намерата. Истите на неколку наврати се заинтересираа за документите за смртта на сопругот.


Во 23:00 часот пристигна воз со 637 бегалци. Поголемиот дел од бегалците заминаа.



21.01.2016 16:00-00:00

Жената чијшто маж почина на 19.01.2016 сè уште беше во контејнеирте за ранливи лица. Со помош на преведувачот Метин ѝ објаснивме дека издавањето извод од книга на умрени е во процес и ќе се заврши во најкус можен рок.

Лицето кое се претставува како внук на жената исто така беше во контејнерот. Му објаснивме дека мора да се врати во ПЦ Винојуг за повторно да му издадат потврда. Му посочивме дека треба да се врати со возот во 03:30. Горан од ЦУК и УНХЦР се известени за случајот.





На жената чиј маж почина на 19.01.2016 ѝ беа дадени документите. На нејзиниот внук не му е дозволено од полицијата да замине со возот за Гевгелија за да ја извади намерата, која му е потребна да ја премине границата со Србија.

23.01.2016 16:00-00:00

Во 16:00 пристигна воз со 585 бегалци (немаше непридружувани малолетници). Дадовме информација на околу 60-70 лица. Повеќето од лицата - 90% - веднаш заминаа за Србија и немаше проблем со документите или било каков специфичен случај. Пристигна една жена (ни јавија за истата) која што имаше 32 години и е од Сирија. Патуваше со 4 дечиња (2 машки, 2 женски) на возраст од 2, 4, 6 и 9 години). Две од дечињата беа со пречки (едното во количка, а другото го носеше во раце). Патува сама, мажот ја чека во Германија. Во разговор ни раскажа дека во Сирија експлодирала бомба и од тогаш здравствената состојба на дечињата била влошена. Ги информиравме за превозот и истата замина накај 18:00 со комбе. Имаше и еден маж во количка и една жена кои што беа пренесени во 18:30 со комбе на Црвен крст. Имаше и еден човек со протеза на ногата и еден пар постари лица.



683 лица пристигнаа со воз во 11:00. Според УНХЦР, во кампот во Србија можат да примат само 200. Поради ладното време, дадени се информации и препорака да останат.

Во 15:00, 1223 бегалци со воз пристигнаа во кампот.

Во 10:30 пристигна воз со 1345 бегалци. Поради големиот број на бегалци имаше потешкотии во координацијата на организациите. Видно беше недостаток на флаширана вода.

Во 10:30 пристигна воз од 1107 бегалци. Речиси сите го продолжија патот кон Србија. Во кампот останаа неподвижни и стари лица за организиран превоз. Црвен крст продолжи со транспортирање на неподвижни лица и на едно враќање информираше дека границата е затворена. Околу 70 лица се вратија во Табановце од српска страна.

26.01.2016 00:00-08:00

Имаше една девојка која беше облечена провокативно. Во суќна и нашминкана многу. Беше со повозрасни маж и жена. Се посомневавме можеби е жртва на трговија со луѓе. Зборе англиски, а „нејзините родители“ арапски. Неколку пати ѝ укажавме на англиски дека ако има некој проблем да ни се обрати, но тврдеше дека се фамилија. Им ги проверивме и документите и сите носеа исто презиме [redacted]. Девојката се викаше Доха и беше родена 1997 година. Документите потврдуваа дека се навистина фамилија, но и нејзините тврдења го покажаа истото.



> Во 15:30 пристигна воз со 651 бегалец. Поради затворената граница бегалците мораа да останат во кампот, при што целиот камп е во вистински хаос.

28.01.2016 00:00-08:00

Од македонската полиција бевме информирани дека границата ќе биде затворена до 06:00.
Во 02:40 пристигна воз со 481 патник. На 11 лица им беше асистирано при симнување од возот.

28.01.2016 00:00-08:00

Границата е отворена во 06:00. За 5 минути се испразни кампот. Останаа 20-30 лица

31.01.2016 08:00-16:00

По извршената обиколка на кампот беше констатирано дека во истиот се присутни четворица мигранти од кои тројца од Мароко и еден од Бангладеш. Истите не поседуваат никакви документи, не сакаат азил во РМ и го чекаат возот за да се вратат во Гевгелија.
Поради штрајкот на таксистите во Гевгелија и блокадата на пругата, како и штрајкот во Грција нема најава за пристигнување на воз од Гевгелија.
Од товарен воз кој пристигна од Скопје, 12 мигранти од Алжир излегоа на станицата Табановце.

02.02.2016 16:00-00:00 Иван Кочовски NOTES

- Кога пристигнав, во кампот имаше 15 лица од Ирак, Мароко и Алжир кои што биле вратени од УНД затоа што биле сами. Во УНД тие што биле сами полицијата ги враќала фофека, тие што биле со фамилија ги пуштале да ~~поминат~~.
  - во текот на смената дел од лицата заминаа од кампот по илегален пат во насока на Лојане.

- во 20:30 во кампот пристигна семејство. ~~[illegible]~~ Мајка со 4 малолетни деца и 2 лица кои што се деца на сестрата на мајката (од кои едно лице е малолетно) Едно од децата беше згрижено од Црвен Крст поради епилептичен напад. Лицата не биле регистрирани во Гевгелија. Се претставија како Курди од Сирија. Платиле по 2000 € од лице ~~[illegible]~~ на крајничари за да бидат пренесени до Македонско – Грчка граница. Полицијата претпоставува дека се од Турција и кажа дека ќе ги враќат во Гевгелија со следниот воз. Мајката ~~[illegible]~~ кажа дека освен нејзината лична карта, фамилијарната книга што ја има е фалсификат. Само мајката зборува арапски, децата зборуваат курдски. Мајката кажа дека ~~[illegible]~~ имаше заминато за Европа одамна и немаат контакт со него.
  - ИСПРАВКА: детето нема епилепсија, туку е парализирано и има напади на треска од шупното.
  - во 23:30 дојдоа претставници од МВР - Сектор за гранични работи и граничен криминал. Полицијата ме информираше дека лицата пристигнале во Македонија од Турција со авион и дека ќе ги депортираат, не истакна каде.

- во 23:30 почнаа да пристигаат ветаљци со такси.

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31 Date
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

05.02.2016 16:00-00:00

Интервју е спроведено со двајцата претепани мигранти од Мароко. Ноќта помеѓу 04 и 05.02 во близина на Велес до пругата биле нападнати од непозната група на криминалци кои на англиски јазик им барале пари. Нападот бил извршен со солзавец, по што физички биле нападнати со тупаници. Од нив биле одземени вкупно 400 евра и два мобилни телефони. Настанот е пријавен во МВР. Поучени се дека легално не можат да ја преминат границата. Поучени се за правото на азил.





Имало неколку инциденти со таксистите кои агресивно им барале, на бегалците кои ги превезувале, повеќе пари од сумата која била договорена на почетокот на превозот.

16:30 пристигнуваат околу 200 лица со такси.
18:30 пристигнува нова тура од 433 бегалци со такси.

07.02.2016 08:00-16:00

На почетокот на смената и по првичната обиколка на кампот, беа забележани три лица од Мароко. Истите биле ограбени и тепани, т.е. едно лице било само нападнато, а другите две избегале. Нападот им се случил на 45 минути од кампот Табановце ноќеска. Кај едното лице имаше видливи траги на насилство на лицето во пределот на очите, но му била укажана лекарска нега. Постапката за азил ја знаеа и не сакаа да поднесат барање. Планот им е да си заминат што побрзо.






На 09.02.2016 во 19:15 пристигна воз со 611 бегалци. Сите лица заминаа веднаш

На 10.02.2016 во периодот 00:00 - 08.00 не дојде воз.
На 10.02.2016 во 08:30 стигна воз со 1373 бегалци, сите си отидоа за Србија.

13.02.2016 08:00-16:00

Полицијата и железничарите најдоа 1 лице од Либија скриено во товарен вагон. Ги проверуваат сите вагони бидејќи се сомневаат дека има уште бегалци во товарните вагони.

На 13.02.2016 во 15:15 пристигна воз со 625 бегалци. Повеќето заминаа. Има уште околу 100 лица во кампот коишто се спремаат да заминат.



17.02.2016 00:00-08:00

Во оваа група имаше и еден човек кој се претстави дека е од Сирија, имаше фалсификат документи (по мислење на полицијата) и тоа грчки документи. Човекот се вика Муса [redacted] и е роден 03.06.1963 година и беше заинтересиран за азил во РМ. Беше многу сомнителен бидејќи сам побара да му биде објаснета постапката, а еден од непридружуваните малолетници него го посочи како организатор на криумчарењето.

17.02.2016 16:00-00:00


Мохсен [redacted], 03.06.1963, Египет. Повторно побара азил и разговарав со него пред да ја известам полицијата. На 14.12.2015 заминал од Каиро со авион до Анкара каде бил 2 дена. Од таму заминал за Истанбул каде останал помалку од 1 месец. На 23.01.2016 пристигнал на Митилини, а од таму во Атина каде седел околу 15 дена. Пробал да влезе во МК, но бил вратен бидејќи е од Египет. Повторно се вратил во Грција и платил 100 евра за да добие лажни документи, односно документ на кој пишува дека е од Сирија. Во МК пристигнал на 10.02 со товарен воз во кој бил заедно со 30 други лица и биле оставени/симнати на Табановце. Ја известив полицијата и тие кажаа дека известен е нивниот командир и утре сабајле ќе дошле да го регистрираат човекот. Побара мои податоци за да забележи кој ги информирал за ова барање.

Во разговорот ми кажа дека бил инженер и бил доста политички активен. Припаѓал на либералите и групи активисти (адвокати, професори итн) кои се бунеле против режимот. Кажа дека има докази од неговите активности (видеа, фотографии) и поради ова бил гонет и животот му е загрозен доколку останел во Египет. Сака всушност да оди во Швајцарија или Германија бидејќи таму има пријатели.

> Според двајца непридружувани малолетници, биле натоварени во Атина и на криумчарот, кој според нив сè уште е во групата, му платиле 500 евра.



> Во кампот има 13 бегалци кои од вчера беа најдени во товарен воз. Сместени се во куќите на СОС. Шаторите се празни.



Принтскрин од *Google maps*



Во хронологијата на миграциската криза, случувањата ги разделуваме на оние пред јуни 2015 година и потоа. Пред јуни 2015 година, бегалците и мигрантите беа рутински враќани во Грција, од самата граница и од земјата, беа лошо третирани од страна на полицијата, подложени на арбитрарен притвор, изложени на експлоатација од криумчари, како и на напади од вооружени банди. Во август УНХЦР, агенцијата за бегалци на ОН, објави дека системот за азил не е во состојба да обезбеди ефикасна заштита. По 19 јуни, откако се измени Законот за азил, до март 2016 година, повеќе од 600.000 бегалци го пријавиле својот интерес да бараат азил на границата. Сепак, повеќето транзитирале со воз до српската граница.
Во тоа време, до 7000 луѓе дневно влегуваа во земјата од Грција. На 19 август владата прогласи криза на границата и распореди паравоена полиција и армијата, кои користеа зашеметувачки гранати и пендреци за да ги одвратат бегалците или да го попречат нивното преминување во земјата. Полицијата повторно употреби прекумерна сила против бегалците кон крајот на август и произволно ги тепаше бегалците во септември. Од 19 ноември само на авганистанските, ирачките и сириските државјани им беше дозволено да влезат во земјата; полицијата првично користела прекумерна сила за да го одбие пристапот на лица од други националности кои произволно се идентификувани како економски мигранти.
По склучувањето на договорот ЕУ - Турција, Македонија, поддржана од ЕУ, официјално ја затвори рутата на Западен Балкан, а од март 2016 година не постои можност за регистрација и транзит на бегалците преку овој пат, како што беше пракса од јуни 2015 година до март 2016 година.
По затворањето на границите, илјадници луѓе останаа блокирани во Грција, Македонија и Србија. Намерата на овие луѓе беше јасна, тие сакаа да го продолжат транзитот кон западните земји на ЕУ и на 14 март 2016 година група од 1500 бегалци се обиде да премине во Македонија од Грција, пред да биде пречекана со насилни протерувања. Тие беа туркани на неформален начин во Грција и немаа можност да побараат заштита, станувајќи жртви на колективна операција на присилно враќање. Бегалците беа заглавени во кампот во Идомени на грчката страна на границата. Македонската војска ги задржа и ги принуди да се вратат во Грција преку импровизирани дупки во новоизградената гранична ограда, а тие немаа можност да бараат азил или да преземат правни дејства против нивната репресија од Македонија.

Од извештајот „Прекршувања на човековите права на бегалците и мигрантите долж рутата на Западен Балкан“ од Зоран Дранговски, Светлана Ќошева

19.02.2016 08:00-23:00

Во 10:25 пристигна воз со 952 бегалци.
По неполни 2 саати сите бегалци се вратија назад.
8 лица со попреченост беа преместени во контејнерите наменети за нив.

19.02.2016 15:00-00:00


Порано дојдовме поради ситуацијата на заглавени повеќе од 980 бегалци.
Србија бара нов документ.
Во 21:00 повторно се затвори граница, а до тогаш околу 500 и повеќе од 500 Сиријци и Ирачани беа заминати за Србија (сите се пропуштаа со стари документи).
Во кампот останаа околу 200 од Авганистан и повеќе од 50 – Ирак.

20.02.2016 16:00-00:00


Кога пристигнавме на смена имаше околу 300 лица. Бегалците беа бесни во шаторите, дури дел од нив почнаа да се прекачуваат од жиците и да се се обидат да се прекачуваат.

21.02.2016 16:00-00:00

Во кампот имаше околу 600 лица од Авганистан на коишто не им беше дозволено да заминат.
Нема решение за нив.








27.02.2016 16:00-00:00 23.02.2016 08:00-16:00

138 бегалци заглавени кај каменот.

Во кампот се присутни 648 Авганистанци и 12 други.
Околу 17:00 пристигна воз со 350 бегалци од Гевгелија. Во организација на Горан од ЦУК беше спроведен посебен режим на празнење на возот. Беше отворена само една врата и од таму во кордон бегалците беа упатувани спрема полициската контрола. Надер активно учествуваше во информирање на бегалците каде се, каде одат и одговараше на нивните прашања. Јас заедно со Ла Страда асистиравме при излез на лицата како и на лицата со отежнато движење. Лицата ја поминаа македонската граница за не повеќе од 30 минути. Од страна на Србија лицата се приморани да чекаа до 19:30 во меѓузоната.
19:30 лицата се сè уште во меѓузоната според Миле од Мерси кор.



26.02.2016 16:00-00:00

Според статистиката на ЦУК во Центарот има 606 лица (597 Авганистанци, 7 Пакистанци, 2 Сиријци). Според УНХЦР во Центарот има 636, а нашата статистика – 620.
Последна статистика од УНХЦР 648 Авганистанци (367 мажи, 147 жени и 134 деца – 82 фамилии), 7 Пакистанци, 6 Мароканци, 3 Сиријци и 2 Алжирци.

28.02.2016 08:00-16:00


Во кампот има 616 Авганистанци, 132 Сиријци и 41 Ирачани.
Полицијата на српска страна нè информираше дека чека инструкции дали и кога ќе го отвори граничниот премин. Единствено со сигурност известија дека за вечер тоа нема да се случи.
Воз од Гевгелија тргна во 14:30 со 414 лица.

29.02.2016 08:00-16:00

Поголемиот дел Сиријци и Ирачани се обидуваат повторно да поминат преку граница. Српската страна ја затвори границата. Луѓето чекаат во меѓузона.
Над 200 бегалци се наоѓаат кај каменот блокирани од двете старани со полициски кордон.

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници

NOTES



01.03.2016 00:00-08:00 Елена Георгиевска, Јадер

→ во 01:00 полицијата ја известува дека српска граница е затворена од каде враќаат 200 Сиријци и Ирачани.
→ најголем дел од нив веќе биле регистрирани во Македонија, но има уште околу 400 кои сеуште немаат дадено фингерпринти. Авганистанците веќе биле пуштени а полицијата одбивала да преземе било кој во Бунарот голем број.
→ Според добиените информации Грција ќе прими само 50 Авганци. Под услов да имаат сите документи да поминат потпис од овој број веќе вратени 7 лица
→ Втора група од 50 луѓе без потписи - пуштени
→ Вратени уште 5 луѓе
→ во моментов останале уште 400

! Да му се предложи на Горан Дук да направи поинаква организација во кампот. Авганистанци во 2 смени, и одвојување да се оддвои Авганистанци. Бавни случаи. Да биде луѓе чекаат место. Авган. што се во кукурек да имаат да се сместат во помали групи - за брза едно во ноќ соопштение и семејствата со мали деца (од Сирија и Ирак) да прават место !

Date

28.02.2016 08:00-16:00


Во кампот наместија тушеви и дојдоа бербери.

27.02.2016 08:00-16:00

Една жена од Сирија со 2 годишно дете сместени во *RHU*, чијшто маж ја напуштил и којашто била нападната додека била во Лојане, се жалеше дека во текот на ноќта група од 10 Авганистанци пробувале да влезат во нејзината куќарка. Била исплашена.

29.02.2016 00:00-08:00


Во 07:00 тргна воз од Гевгелија со 459 лица.
Овде се полни и големите шатори и кујната.





29.02.2016 16:00-00:00

16:15 Кај граничната линија се наоѓа поголема група луѓе (420 мигранти). По инструкции од Горан потребно е сите лица да се вратат во кампот па потоа да се прави проверка кога стигнале во кампот. Оние што стигнале денес ќе бидат пуштани додека оние од вчера ќе мора да останат во кампот.
16:30 Сите преведувачи и полицијата започнаа да ги повикуваат луѓето да се враат во кампот. Некои даваа отпор меѓутоа после половина час се повлекоа во кампот.
17:30 Започна контрола и пропуштање на лицата кои: 1. немаат потпис од позади на грчкиот документ и 2. кои по кажување стигнале денес со возот во кампот.
20:00 Околу 380 бегалци се сè уште заглавени на ничија земја. Абер немаат Србите.
23:00 Сè уште не се пуштени луѓето.
23:15 Започнуваат со пуштање. До 23:45 враќаат 25 лица, поголемиот дел од нив од Сирија.



06.03.2016 16:00-00:00

23 ранци пријавени од чистота, биле собрани со отпадот. Никој нема пријавено загубен ранец.

07.03.2016 00:00-08:00

Екипата од Комунална хигиена при чистењето на еден од контејнерите за ѓубре собра 25 полни ранци кои биле оставени покрај контејнерот. Откако од ЦУК на камерите виделе дека ранците се оставени, не фрлени, од група на бегалци ги повикаа од Комунална хигиена да се вратат. Заедно со МТСП и ЦУК ги поминавме сите Икеи и шатори меѓутоа никој не се јави дека му фали ранец. Ранците ги оставија позади зелениот контејнер за ѓубре.



03.03.206 08:00-16:00

75 лица се кај каменот. Нашиот тим им укажа дека можат да се вратат до камп. Поголемиот дел одбија да се вратат, ќе пренокат таму. Другите ќе се вратат набрзо.

04.03.2016 08:00-16:00


Пристигна воз со 415 бегалци. Накај 10:15 почнаа да преминуваат на српска страна. Поради врнежи српската страна ја затвори границата. Треба да се најде решение за заглавените Сиријци и Ирачани. Дел од нив сакаат да се вратат во Грција.


04.03.2016 16:00-00:00

Околу 08:00 бевме повикани од полицијата да ги убедуваме 15-20 бегалци кои ја блокираа пругата во меѓугранична зона. Преку Алаа им ги соопштивме ставовите на полицијата дека треба да се вратат но беа изречни дека остануваат.

07.03.2016 08:00-16:00

12 бегалци вратени од Србија чекаат кај каменот. Наша полиција не им дозволи влез. Стигна воз со 437 лица. Сите отидоа директно кај каменот но не беа пропуштени од Србите. Почна да врне многу и им носевме разни *items* од *Oxfam* на граница. На повеќе наврати баравме помош од Црвен крст кај што пријавувавме болни деца и трудни жени.





10.03.2016 00:00-08:00

Околу 00:45 во кампот со такси пристигна лице кое тврдеше дека неговата жена и ќерка се наоѓаат во кампот и побара да ги види. Лицето е државјанин на Обединетото кралство. Се појави сопругата и детето и според Ла Страда и МТСП нема индикатори за сомневање за трговија со луѓе. Лицето праша дали може да ги однесе жената и детето во хотел каде би се згреале и одморие. Од МВР и ЦУК го информираа дека не може.

Лицата беа поучени за правото да бараат семејно обединување во Обединетото кралство да побараат азил во РМ, како и за можноста да побараат престој поради хуманитарни причини.

Жената во текот на вечерта си замина најверојатно.



Во меѓузоната има вкупно 437 бегалци. Српската полиција најавува дека границата нема да биде отворена најмалку 5-6 дена.

Околу 1000 луѓе во ТЦ Табановеце. Во кампот нема струја. Околу 21:00-22:00 групи Авганистанци (само мажи) излегуваат од Центарот со торби.

Околу 19:00 неколку лица (околу 15) беа забележани како со торби и храна го напуштаат кампот.

NOTES 10.03 2016. Арбен Гузани 08-16,00

- ЦЕЛ ДЕН ВОНС. СОСТОЈСАЊА Е КАТАСТРОФАЛНА НА НЕЈЗИНА.
- СЕ ПРАВИ СПИСОК ЗА КОЈ СЕКОЈ ДА СЕ ВРАТИ НАЗАД
- ЛУЃЕТО КАЈ КАМЕНОТ ОДБИВАЈТ ДА СЕ ВРАТАТ И ИСТИТЕ ПРОТЕСТИРААТ СО ОДБИВАЊЕ ХРАНА.
- КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК ВО ЦУК.
-

Date 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31
JAN ГЕВ МАЈ АПР МАУ ЈУН ЈУЛ АУГ SEP OCT NOV DEC

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

10.03.2016 Сања Миленковиќ NOTES
16:00 - 00:00 Седум

- Кога пристигнавме сакавме да одиме до каменот негува од полицијата на излез ни беше кажано дека не можеме да одиме бидејќи не сме имале што да правиме таму, само на тие што делеле храна и медицинска помош. Се обратив кај полицијата на излез кои ми кажа дека нема зошто да не пуштат и им се јавија, и кажа дека смееме само со УНХЦР да одиме

- На каменот им објаснивме дека се прави простор за нив во кампот, а тие сакаа да дојдат да ги види условите. Во договор со УНХЦР, троја од бегалците дојдоа до кампот за да видат каде се градат новите шатори и прифатија да се вратат во кампот, прво жените и децата, а потоа мажите

- На враќање [redacted] полицијата повторно се вознеше зошто сме отишле [т.е еден полицаец и една полицајка (која навидум е командир)] и кажа дека ќе ни забрането повторно одење на каменот. Ќе чекам да има смена на полиција па повторно ќе пробаме видејќи ќе имаа потреба од помош кога бегалците ќе треба да се враќаат во камп

- Во 23часот отидовме на каменот за да им кажеме ја мајката дека можат да се враќаат во камп, но скоро никој не сакаше да дојде. Само 60 лица дојдоа, а другите кажа дека ќе остана таму.

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31 Date
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

11.03.2016 00:00-08:00

На почетокот на смената направивме обиколка во кампот и отидовме на каменот. Будни беа само една група од 20 млади лица кои имаа запалено оган и седеа покрај истиот. Зборувавме со групата и истите ни кажаа дека немаат намера да влезат во кампот и ќе чекаат да ги пуштат за Србија. Ни кажаа дека добиле информација дека ако влезат во кампот ќе бидат однесени во Гевгелија а потоа за Грција. Зборувавме и со дел од лицата кои се вратија, односно дојдоа од каменот во кампот и ни кажаа дека меѓу нив постојат несогласувања и дека истите пробале да ги убедат да дојдат во кампот но не се согласуваат.


11.03.2016 16:00-00:00

На граничната линија условите се многу лоши. Шаторите се во кал. Бегалците таму примаа храна.

12.03.2016 00:00-08:00

На граничната линија условите се многу лоши. Има уште 300-350 лица. Ако се зборува со нив треба да се потенцира барем болните деца со мајката да се вратат во кампот.





Сам меѓу илјадници луѓе

Не можеш да видиш многу Пакистанци во транзитниот центар Табановце, Македонија. Од почетокот на селективното затворање на границите, во текот на ноември 2015, луѓето од Пакистан единствено по илегален пат можат да стигнат до Европа. Иако признава дека одлуката да го остави целото свое семејство во Пакистан и да тргне на опасното патување кон Европа, била тешка, Мохамед Авид повеќе од три месеци е далеку од својот роден град Гаџранвала.

Во земја на која ѝ го знае само името, тој целосно е сам. Кога волонтерот Аџаб Кан го поздрави на урду, се насмевна додавајќи дека е добро што повторно може да разговара со некого. Се пожали дека со оглед на тоа што не зборува ниту англиски ниту арапски, се чувствува сам во камп со повеќе од 1000 луѓе.

Кога беше запрашан зошто Пакистанците, и другите мигранти кои не доаѓаат од Сирија, Ирак или Авганистан, се означени како „економски“ мигранти, Мохамед објасни дека бил киднапиран од пакистански Талибанец и дека е чудо што сега е далеку од таму: „Не знам што мислат со економски мигранти“, вели тој, „ако се гледа само мојата националност, ОК, јас сум економски мигрант, кој избегал од смрт во Пакистан“.

Останал речиси два месеца во Грција. Знаејќи дека нема да може да продолжи лесно кон Европа, користел услуги на криумчари за да стигне во Македонија. Мохамед веќе два дена е во Табановце и не сака да чуе да остане подолго. Изрази надеж да стигне во Италија, каде што живеат негови пријатели и никогаш повеќе да не се врати во Пакистан.


16.03.2016 Мартина Мартинова, Аџаб Кан
ТЦ Табановце



Живот на границите

Мохамед [redacted], 35 години, потекнува од градот Дара на јужната граница на Сирија. Пред војната Сирија нудела добар живот за Мохамед, кој работел во администрација. На самиот почеток на вооруженото насилство во 2011, војната се проширила и во Дара и во следните месеци куќата на Мохамед била бомбардирана и 23 негови роднини загинале, меѓу нив, еден од неговите браќа. Ова е причината поради што семејството [redacted] пред два месеца морала да ја напушти својата татковина.
Патувањето до Германија почнало со плаќање 400 долари од човек за со кола да стигнат до турската граница. По 4 дена во Измир, фатиле брод до Киос, Грција и платиле 800 долари по човек. Две недели по нивното пристигнување во Грција, биле регистрирани од грчките власти, а потоа стигнале до грчко-македонската граница. На границата чекале 23 дена меѓу илјадници луѓе.
Во хаотична вечер, во игра на случајот, границата била затворена баш во моментот кога Мохамед и неговите деца, жена и мајка ја преминувале. Ова е причината зошто Мохамед се одвоил од семејството на брат му.
По еден ден во транзитниот центар во Гевгелија, Македонија, семејството [redacted] се качило на воз кон ТЦ Табановце, плаќајќи 25 евра по човек. Но, наместо да продолжат понатаму, се нашле на ничија земја помеѓу македонската и српската граница. Откако не им дозволиле да продолжат понатаму, сега се затечени од новите промени на правилата за влез и живеат во ужасни услови во мали шатори, додека граничната полиција стражари позади барикади. Како што почна да врне пороен дожд, така тревнатата ливада се преполни со вирови вода и кал длабок до глужд, расфрлано ѓубре и мали огнови за греење. Кучиња скитници шетаа во близина, барајќи остатоци од храна меѓу отпадот. Кога го прашавме семејството [redacted] дали им се потребни храна или облека, ни се заблагодарија и ни кажаа дека земаат онолку храна колку што им е потребно да преживеат до моментот кога границата ќе биде повторно отворена. Сакаат да го сретнат остатокот од семејството што останало во Грција и да стигнат во Германија. „Можеби во Германија немаме роднини или пријатели“, вели Мохамед на арапски, „но се надеваме дека таму ќе најдеме достоинствен и мирен живот“.

17.03.2016 Мартина Мартинова, Надер Сулејман
ТЦ Табановце



Рама

Беше ветровит, но сончев ден во март и бев на работа во Табановце. Кога јас и Абед бевме до меѓузоната, пред малите шатори поставени во кал, имаше луѓе кои земаа храна. Прошетавме малку и се појави мало девојче со светла коса јадејќи ја својата банана. Јас ѝ реков „hi“ и добив “çok güzel” како одговор. Не знаев дека тоа значи „убава си“ на турски.
Името на девојчето е Рама. Има 6 години и научила неколку турски зборови за време на нејзиниот двонеделен престој во Измир. Не било нејзин избор да ја посети Турција; туку, пред два месеца, морала да ја напушти Хама, Сирија. Рама е најмалата во нејзиното семејство; има тројца браќа и три сестри и во Македонија е со нејзината мајка и браќата и сестрите, со исклучок на една од нејзините сестри, која е мажена и сè уште живее во Сирија.
Кога ќе ја видиш насмевката на ова девојче не можеш а да не замислиш што сè ѝ се има случено нејзе и на нејзиното семејство во Сирија; се криеле под земја со месеци откако нивниот дом бил срушен, а во бомбардирањето една од нејзините сестри преживеала сериозна повреда на нога. И повторно Рама се насмевнува како светот да е полн со спокој.
Рама го нема видено татко си осум месеци, бидејќи тој отишол за Германија за да организира тие да можат да дојдат после него; но тие беа две недели заглавени помеѓу македонската и српската граница кога првпат ги сретнавме, па не можеа да продолжат за Германија. Нејзината мајка ни објасни дека нивниот живот во Сирија бил прекрасен пред војната; нејзиниот маж работел како професионален возач во Саудиска Арабија и Обединетите Арапски Емирати, па тие имале сè што им било потребно: „Хама беше мирно место и животот таму не беше скап. Со платата од мојот маж имавме доволно за добар живот. Кој можеше да претпостави дека ова може да се случи?“ вели мајката на Рама.
По речиси 20 денови беа вратени назад во центарот во Табановце. Иако не им се допадна тоа што се движат назад наместо напред, признаа дека останувањето подолго во меѓузоната ќе било неиздржливо. Сега повторно се сместени во мал шатор, но барем конечно имаат пристап до тушеви и можат да пијат чај од мајчина душица со нас денеска во нашата канцеларија. Но се пожалија дека има многу малку простор за сите седум во шаторот; особено шо едната сестра на Рама има повреда на ногата и ѝ е потребна посебна нега.
Додека пиевме чај, мајката на Рама ни кажа дека нејзиниот телефон се скршил и се нема слушнато со нејзиниот маж веќе 6 дена. Со очи полни со солзи ни кажа дека се надева дека ќе стигнат во Германија и дека конечно ќе го види како ги гушка нивните деца. Ги сопре солзите за да не се расплаче пред нејзините деца. И Рама со нејзината голема насмевка, уште еднаш ѝ помогна на мајка си да ја задржи надежта. Има приказни кои мораш да ги раскажеш во прво лице. И верувам дека постојат луѓе кои засекогаш ќе ги запомниш.

20.03.2016 / 03.04.2016 Мартина Мартинова, Абделмонем Ал Салех, Сеадин Џафери
ТЦ Табановце



13.03.2016 00:00-08:00

Во 04:00 беа депортирани од Србија 33 бегалци (28 Авганистанци, 3 Сиријци и 2 Либанци).
Во 05:30 заминаа 20 Сиријци со воз за Гевгелија.
33-те бегалци според некои гласини полицијата ги собра и со коли ги пренела на различни правци, Лојане, Сопот.

13.03.2016 16:00-00:00

16:15 Отидовме до границата. По пат повеќе од бегалците изразуваа интерес да се сместат во кампот. Група од 18 лица (три фамилии) беа најупорни со тоа. Со Метин им овозможивме да се сместат во шатор на Црвен крст. Блиску до нас до оградата.
Реално сè повеќе од луѓето кај каменот сакаат да се сместат во кампот меѓутоа нема доволно простор.
Добивме информација дека дете се разболело од сипаници и дека има потреба од изолација.

14.03.2016 00:00-08:00

Утрината бевме до каменот, се слушаше плачење од дечињата и луѓето стануваа. Дуваше многу и многу мал дел беа излезени надвор а 5 бегалци се упатија да земат ќебиња од кампот.

14.03.2016 16:00-00:00

Бевме до каменот каде што на изглед имаше доста помалку лица од изминатите денови, но тешко е да се дознае точната бројка бидејќи полицијата им дозволува да влегуваат и излегуваат од кампот кога сакаат.

20.03.2016 16:00-00:00

Во текот на смената 3 пати се обидовме да отидеме до граничната линија, но полицијата не нè пушти. Кажаа дека бегалците таму одбивале храна и дека натака може да оди само Црвен крст во итни случаи. Нема дистрибуција на храна и облека таму.
Се шират гласини дека тие што се на гранична линија присилно ќе бидат вратени во Виноју г.
МТСП, ЦУК и полицијата не сакаат да споделат што планираат со бегалците и дали се точни претпоставките дека дел од бегалците ќе бидат вратени во Виноју г.

21.03.2016 08:00-16:00

Кај каменот сè уште е мирно не се дозволува храна и алишта за возрасни. За бебиња и мали деца чат-пат нешто се пропушта. Има луѓе заинтересирани за азил меѓу нив и има што сакаат да се вратат во кампот.

22.03.2016 08:00-21:00

Кај каменот сè уште им се прави пресија за да одат во Гевгелија, нашиот тим да не се вклучи во убедувања на луѓето за враќање назад.

23.03.2016 16:00-00:00

На почетокот на смената дојде жена до кај нас која што е сама а мажот ѝ е во Германија. Истата е сместена односно седи кај каменот со две малолетни деца и сака да се смести во кампот. Отидовме до кај Сандра од МТСП и ни беше кажано дека нема место ниту за еден човек и дека треба луѓето да се вратат. Потоа зборувавме со Горан и со СОС па ѝ пренесовме на жената да дојде само она. По половина час дојде уште една жена и сакаше да се врати. Бевме два пати до каменот и сите сакаат да се вратат во кампот а никој во Гевгелија. Добиле информација дека во Гевгелија полицијата им ги кинела документите и се плашат. Од МТСП и Горан од ЦУК јасно кажуваат дека нема пуштање на луѓе во кампот затоа што нема услови и истите треба да заминат за Гевгелија.

25.03.2016 16:00-00:00


Кога пристигнавме, бевме во обиколка на кампот и на каменот каде немаше ниту едно лице бидејќи сите во текот на денот се вратиле во кампот. Меѓутоа имаше една група од 50-тина лица кои седеа на српската стрна.
Околу 18:00 дознавме дека е можно лицата од каменот да бидат однесени за Грција, но ниту на нас ниту на УНХЦР не ни беше дозволено да одиме на каменот.
Околу 20:00 од УНХЦР ни кажаа дека лицата се на наша страна и истите треба да се стават на листа, како со возот од 05:15 би заминале за Гевгелија. Заедно со УНХЦР отидовме до каменот, тие ги регистрираа лицата, вкупно 49 сите од Сирија, и им беше кажано дека ќе бидат однесени во Гевгелија. Дојдоа и од Црвен крст за да поделат храна, вода и ќебиња бидејќи лицата треба да ја поминат ноќта на отворено, а е многу ладно.


26.03.2016 08:00-16:00

Кога дојдовме направивме обиколка на кампот и сè беше мирно. Луѓето се шетаа и разговараа меѓу себе. Отидовме до каменот и таму немаше веќе бегалци и сè беше празно, се чистеше и се тргаа шаторите.

27.03.2016 00:00-08:00

Во текот на ноќта беше мирно. Немаше враќања со воз кон Гевгелија. Кај каменот е празно, нема никој. Во кампот има 1030 бегалци.





Бегајќи од семеен конфликт

Али ВВВВВ, машко, роден на 06.06.1992, од Ал Сулајманеја, Ирак.
Али е член на многу традиционално семејство. Ја напуштил државата заради нерешен конфликт со членови од семејството. Ситуацијата меѓу нив била многу лоша, до толку што ескалирала до физичко насилство и употреба на ладно оружје. Во тој момент бил тешко повреден; затоа одлучил да го напушти својот роден град и земја, бидејќи се чувствувал дека е под закана таму.
Не очекувал дека границите ќе останат затворени и неговите намери не биле да остане во Македонија. Но, бидејќи е заглавен во транзитниот центар, заинтересиран е да добие легален статус во Македонија.
Кога му ја објаснивме процедурата за азил, му кажавме да оди кај полицискиот службеник на почетокот на кампот, но исто како и претходниот месец, полициските службеници му рекоа да се врати подоцна, или следниот ден.

28.03.2016 Елена Георгиевска
ТЦ Табановце



Однесено со бомбите

На свои 17 години, Касим АВВВВВВВВВВ доволно ужас.
Касим никогаш не можел вистински да ужива во своето детство. Токму пред неговиот 13-ти роденден вооружено насилство почнало во неговиот роден град Деир ез-Зор. Вести за смрт на негови познаници и пријатели го исполниле неговото секојдневие.
Еден ден во октомври 2015, се качил на автобус кон своето училиште оддалечено 25 километри. По часовите, Касим се вратил на местото каде што бил неговиот дом. И не нашол ништо друго освен урнатини. Така, неговиот претходен живот практично бил однесен со бомбите.
Незнаејќи што се случило со неговите родители, одлучи да избега од Деир ез-Зор. Пешачел до турската граница и стигнал до турскиот град Урфа со помош на криумчари. Во Урфа нашол работа во локален ресторан и останал три месеци со надеж дека ќе ги најде своите родители. За жал, се разболел. Имал потешкотии со дишењето, па отишол во болницата во Урфа и таму го запознал семејството Кабур, исто така од Сирија.
Неговото пријателство со семејството продолжило и по отпуштањето од болница. Тие нашле криумчари и патувале до Антакија каде поминале една ноќ во куќа со други криумчарени луѓе. Следниот ден, се качиле на мал брод и стигнале во Грција. Од Грција се сеќава на тоа дека имало малку храна во кампот Идомени и дека услови биле лоши. „Во Табановце не е подобро“, вели тој, „во многу малку луѓе имам доверба тука, а и храната е одвратна“.
Касим веќе 25 дена е во центарот во Табановце. Одвреме навреме насмевнувајќи се со тага, ни ја раскажа неговата животна приказна, а заврши со молитва да ги најде своите родители и да стигне во Германија.

27.03.2016 Мартина Мартинова, Абделмонем Ал Салех
ТЦ Табановце



03.04.2016 00:00-08:00

Кога стигнав, барателката на азил Амани беше онесвестена. Беше пренесена во Кумановската болница. Дадено ѝ е инфузија и друга терапија и е земено крв за анализи. Кога се врати привремено е задржана на лекар, бидејќи не беше во состојба да се движи.

Околу 03:00 е пуштена и е однесена да спие во шаторот. Онесвестувањето е последица на нервоза, депресија од кампот, бидејќи не може да се движи слободно, чувството како да е затворена и условите и стандардите во кампот.

Со УНХЦР е зборено да се направи обид и да се преземе иницијатива за преместување од Табановце, во Визбегово или друго место во Скопје, за да ѝ се даде шанса да се смири и да ѝ се подобри состојбата.

Амани не сакаше да зборува бидејќи не беше во можност да размисли јасно со оглед на терапијата и другите средства за смирување што ѝ беа дадени.



Амани повторно е онесвестена и е во Кумановската болница на инфузија. Син ѝ е сам во кампот.

Амани сака да си го повлече барањето за азил. Сака да се врати во Либан.

NOTES 04.04.2016 16:00 - 00:00

Елена Георгиевска

Митин исказ

→ повик од Митко да ги најдеме Амани и семејството на Кора - [illegible] да бидиме дали се сеуште присутни во кампот

→ Дојде Митко со информацијата дека е договорено со Сектор за Азил и МТСП и полицијата транзитниот центар во Вижбегово

→ Први во канцеларија дојдоа Кора и семејството на Кора. Митко им ги каже новостите. Се израдуваа. Се изљубивме.

→ По миг дојде Амани. Во лоша состојба беше, одвај зборуваше. И кажа и без каквани информации во однос на транспорт до Вижбегово. Кој одеше, дали и Мелин и Помогнавме да си оди до каде во која е сместена. Се онесвести пак. Ја одмеривме кај нас во канцеларија. Онесвести. Ги повикавме лекарот од Куманово Амбуланта не беше присутна. Мина време. Дојдоа по 40 мин. Ја одмеривме во болница во Куманово. Во Амбуланта сеуште нема кој, а е беше 11 часот. Немаме кабови да состојбата на Амани.

→ На Митко му се јави Ели (од Сектор) и по извесно време транспорт [illegible] да се изброи за семејството и извесно време е веќе и договорено транспорт до Прифатен центар да биде утре во 7 часот до дома.

Date 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

NOTES

→ Семејаборіо од Ирак, на говекот по име Одден [redacted] кои имаат поднесено барање за азил беше спроведено до конечно од граничната полиција за да ги носат во Визбегово. Нешто ќе ги чека таму.

→ Ни пристигна документот од НУК на мене и Мишо и не сознаеме дека организирањето на транспортот на луѓето од Табановце до Вижбегово не спаѓа во правите без никакво знаење. Нешто јасно, но сепак ни даде назначено дека одговара на којшто сектор кој е заинтересиран за азил и за кој ќе биде поднесено барање за азил, иако прво да почне преку вработените во НУК, тешко да ни се направи професионално, работното чет добиене зелено светло од нив, да ги ја врши таа работа. Ни објаснивме дека нашто ако е направено сегрегација не е поправено без претходен договор со МТСП, сектор за азил и полицијата. Од сега па натаму да оне ја следеме нивната наредба за да немаат проблеми.

→ Пред канцеларијата на МТСП и УНХКР имаше голем број, повеќе од 30 луѓе. Беа изложени од сонце, сајори и се молеа дека некои млади дечки крвавале гаѓала и нивни пиеле. Побарав Мелен да ја извести полицијата. Пратеникот од НУК.

→ Нешто со документите дека некој ќе во Германија пак до декември. Барање поканш. за управување до МТСП

→ Повеќе од 1000 луѓе остана ноќе. Немаше храна и вода.

→ Цајер онека. Ни помина за 5 мин.

NOTES

10.04.2016 — Сања Милентиевиќ
08:00 - 14:00 — Седиш Шафери

↳ Кога пристигнавме во шапот имаше вообичаено поголему лица присутни, и во родот за храна чекаа многу малку луѓе. Во разговор со неколку лица во шапот ни кажаа дека многу деца никој не би им правел проблем да одат за Грција, они скоро сите сакаат да одат таму. Бидејќи знаат дека е зеќја на ЕУ би пробале да побараат таму азил и да почнат да бараат работа. Ни кажаа дека им бараат 300€ за да бидат пренесени до Белград, а пола уште дополнителни средства за да бидат пренесени до Унгарија па до Австрија. Скоро сите кажаа дека вкупната цена се движи од 1200 - 1700 € по човек.

↳ Бевме и до шамен каде беше празно, само неколку полицајци од српска страна



Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници

NOTES 13.04.2016 Арбен, Седум I

- Денес пратија и да ужкур за тоа што е у Скопје еден од наш пријатели чија ќерка поднесе,
- се качат на врата, усови и све живо у капот.

14.04.2016 Арбен, Абед I

- За бебето треба да направиме извод на родени. (МКР)! Дали ги документите се кај нас.
- Јоле беше мал дечко бил исправувани од дек и се чувствува небезбедно. Мајката стојчиа не е баш веродостојна

Date 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

14.04.2016 Сања Миленковиќ NOTES
15:00 - 19:00 Метин Исени

↳ Во кампот веќе доста мирно. УНХЦР имаа завршено со броење и утре ќе требаше да имаат финална бројка на колку лица има останато во кампот.

↳ При прошетка низ кампот неколку лица се пожалија на храната и условите. Исто така неколку лица имаат проблеми со забоболка, но таков преглед, кој ќе им е овозможен во кампот.



1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31 Date
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

NOTES

15.04.2016 ИВАН Кочовски и Надеж
15:00 - 19:00

- Во текот на смената беше мирно
- UNHCR ме извести за следните бројки.
  - Вкупно во кампот - 759
    - Сирија - 387
    - Ирак - 41
    - Авганистан - 328
    - Пакистан - 2
    - Иран - 1
- Вчера на 14.04.2016 во текот на ноќта полицијата фатила 25 лица надвор од кампот и ги депортирала во Грција.
- Последна одјава од ОХГАК! :)

Date 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници

Темнината не е страшна. Војната е.

Назад во времето, убаво било да бидеш мајка на 5 деца во Сирија. Семејството на Суад Дервиш се занимавало со земјоделство и живеело добро во Алепо. Сега, Суад ја нема видено својата шестгодишна ќерка повеќе од три месеци. „Често збрувам со неа на телефон и таа ми вели дека се плаши и дека не може да спие навечер“, вели таа. Со оглед на тоа штп нејзината ќерка живее во Германија заедно со нејзиниот брат и неговото семејство, многу ѝ недостига. „Истрауматизирана е дека некои од нејзините пријатели загинаа во војната“, додаде Суад.

Суад го напуштила Алепо пред три месеци заедно со нејзиниот сопруг и две деца. Патувале заедно со нивниот 23-годишен син и неговото семејство, меѓу нив, и неговата тримесечна ќерка. Морале илегално да ја поминат турската граница, на неколку наврати се обидувале и тоа траело 20 дена. „Два дена спиевме во близина на турската граница, целосно под отворено небо; ова беа првите денови кога се сеќавам, дека всушност успеав да заспијам“, вели Суад.

Таа објасни дека војната во Алепо била многу жестока повеќе од 4 години и дека нивната куќа била целосно уништена. Во солзи, Суад раскажува дека морале да ги остават родителите на сопругот во Сирија, бидејќи биле многу стари и не можеле да патуваат. Сега не знае што се случило со нив.

По една недела во Турција, се качиле на брод и стигнале до грчки остров на чие име не може да се сети. Атина, па потоа Идомени; потоа - и сè уште - заглавени во земја за која таа може само да се моли: „Се молам на Господ не само за нас, туку и за вас, бидејќи слушам дека Македонците имаат потешкотии да најдат работа и дека стандардот на живот е многу низок“.

Завршувајќи со молитва, Суад истакна дека е благодарна на сите луѓе кои го прават нивниот престој во Табановце поподнослив.

03.04.2016 Мартина Мартиноввa, Сеадин Џафери
ТЦ Табановце



Сириска љубовна приказна

Нур и Осман практично биле соседи во Алепо пред неколку месеци, но не биле во контакт од деца. Потребен бил еден ден на пазар во Измир, за повторно да се сретнат и да се вљубат.
Измир, Турција било првото место каде Нур, нејзината мајка и 10-годишната сестра нашле прибежиште од воените акции во Сирија пред пет месеци. Планирале да продолжат понатаму кон Грција, но се случила љубов. Нур го сретнала Осман на турскиот пазар и од тогаш, тие не можат да помислат на разделување. Но, семејството на Нур не ја оправдува оваа љубов.
Кога Осман ѝ предложил брак на Нур, мајката се спротивставила. Велејќи дека ќерка ѝ има само 16 години и сè уште не го завршила училиштето и, во отсуство на таткото на Нур, одбила да се согласи на брак. Па така, Нур и Осман одлучиле да избегаат од Турција. Но, нивниот меден месец завршил дури и пред да почне.
Се качиле на брод за Грција и биле регистрирани во Идомени. Со желба да стигнат што поскоро во Германија, илегално ја поминеле грчко-македонската граница, но полицијата во транзитниот центар Винојуг ги фатила и ги вратила во Грција. Одејќи низ шумата и со помош на *GPS*, уште еднаш стигнале во Македонија. Нур и Осман поминале 100 километри за 4 дена, за пешки да стигнат од Гевгелија до Велес. Во Велес се качиле на воз за Скопје, па потоа во Скопје, на воз за Србија. За несреќа, не стигнале до Србија, туку во кампот во Табановце: „Возот застана по помалку од еден час возење и кога видоа дека сме Сиријци, нè исфрлија од него“. Но биле упорни, каква што е и нивната љубов; уште два пати се обиделе да преминат во Србија. Уште еднаш тајно се качиле на воз, заедно со уште 23 Авганистанци од центарот во Табановце, но набрзо биле фатени и биле вратени назад. Вториот пат ја поминале пешки македонско-српската граница заедно со околу 20 Сиријци и Ирачани. Веднаш пред кампот во Прешево, српската полиција ги фатила и ги вратила назад во Македонија.
Нур е трет месец бремена. Таа и Осман се плашат дека нешто може да им се случи ако останат подолго во Табановце. 29-годишниот брат на Нур е бесен на Осман бидејќи без дозвола ја земал Нур од нивното семејство, па пред неколку дена му испратил заканувачка гласовна порака на *WhatsApp*: „Сестра ми секогаш ќе ми биде сестра, но, ти, каде и да си, дури и на крајот на светот, или во Македонија, ќе те најдам и само еден од нас ќе остане жив. Само Господ знае кој“.
Нур го нема видено братот откако ја напуштила Сирија и не знае каде би можел да биде. Нејзиниот татко е во Германија и се плаши дека и тој ќе се противи на нејзината љубов. „Никогаш не мислев дека љубовта може да боли на ваков начин; се надевам дека моето дете ќе се роди во свет полн со разбирање и сочувтсво“, додаде таа.

03.04.2016 Мартина Мартинова, Сеадин Џафери
ТЦ Табановце



На 25.04.2016 има уште едно новородено бебе за кое е потребно да се извади извод.

02.05.2016 08:00-16:00

При обиколка на кампот околу 11:30 се сретнавме со момче од Мароко кој бараше медицинска помош. Во текот на разговорот ни кажа дека штотуку пристигнал во кампот по повеќедневно пешачење од (11-12 дена) од Гевгелија и дека се чувствува уморно и би сакал да се одмори ден-два пред повторно да го продолжи патот до Германија. При укажување на медицинска помош му беше извршена преврска на стапалата при што ни објасни дека како дете има живеено во Германија и планира да продолжи таму да живее. Ни кажа дека во кампот пристигнал со уште тројца пријатели со кои заедно биле во Атина. После завршениот разговор, побаравме од дистрибутивниот центар да му се однесат обувки на повредената лице, кое беше сместено во 3-от шатор.



Во кампот е видливо намален бројот на бегалци, според броење на МТСП и УНХЦР, на 03.04.2016, присутни се 500 бегалци: Сирија 291, Авганистан – 177, Ажир + Мароко – 11, Ирак – 19, Египет – 1

На 04.05.2016 мајката на Шаам бара што е можно побрзо да се извади извод за новороденчето.

Помалку од 400 луѓе присутни во кампот, на 05.05.2016. Информација дека патот до Србија чини 100 евра, до Унгарија – 200 и 300 до Германија.

06.05.2016 16:00-00:00

Направено интервју со еден од новопристигнатите бегалци.

За време на интервјуто ни пријдоа повеќе лица, кои заедно со интервјуираниот од неодамна се во кампот (по нивни исказ од пред 4-5 дена). Истите се по потекло од Алжир. Амуш Азедин и Алуани Омар и се пожалија на повеќе работи. Главната забелешка им беше во поглед на храната. Наводно заради нивната националност не добиваат воопшто храна. Исто така, не добиваат ниту облека, и истата се делела само на Сиријци. Некоја жена, за која тврдат дека е од МВР, им се заканила дека ако не го напуштат кампот ќе ги депортираат назад во Грција, што за нив е неприфатливо. Замолија да поразговараме со УНХЦР во однос на храната.

Група лица од Сирија и Ирак на повеќе организации (УНХЦР, МВР, МТСП) воедно и нас, се пожалија дека се дели недоволно храна и за дел од нив не останува, заради тоа што некои лица користат картички за храна од други лица кои веќе го напуштиле кампот. Најавија дека ќе се организираат помасовно да го изразат револтот.



Мајката на Шаам, Хиба, го бара изводот. Сака да замине дури и без извод. Запознаена е со последиците кои може да ги има таа и бебето без извод. Според неа многу лица заминуваат и во текот на наредните денови се спремаат уште многу.

Девојка од Сирија, по име Нур, сакаше да добие информација дали насоро ќе се отворат границите.

13.05.2016 08:00-16:00

Вчера вечерта влегле 2 групи бегалци во Табановце. Ги најдовме и зборувавме со нив. Едната група се 8 души; од нив 6 души се од Сирија и 2 од Ирак, еден од Ирак бил тепан во Драчево, па полицијата го однела во болница во Скопје, каде го шиеле, го тепале локалци за да го ограбат, во Македонија патувале 11 дена пешки и стигнале во Србија, па од таму ги вратиле кај нас; во кампот во Табановце влегле во 03:00 наутро, немаат проблеми во кампот и не сакаат азил, туку сакаат што побрзо да продолжат понатаму за до Германија, моментално се во првиот рапхол ама од МТСП има најави дека ќе ги преместат во нов шатор; сите имаат грчки документи;

Другата група се сместени во шатор *MRC* 1, 9 души се – 6 души од Курдистан-Ирак, двајца се од Мароко и еден од Алжир; разговаравме меѓутоа не се расположени за разоговор; патувале пешки 12 дена во Македонија; на тие од Ирак во Куманово локалците им украле 400 евра, но не пријавиле и продолжиле за Србија и од Србија ги вратиле во Македонија, не сакаат азил и планираат да одат за Германија, имаат грчки документи; тие од Алжир и Мароко немаат грчки документи, не сакаат азил и планираат да одат во Италија; стигнале до Србија и од Србија ги вратиле, а во Табановце влегле во 05:00 наутро.


Има стигнато уште една група од тројца мигранти од кои двајца се од Пакистан и еден од Авганистан. Не можеме да ги најдеме за да ги интервјуираме, но од УНХЦР ни кажаа дека не сакаат азил.


Од МТСП добивме информација дека сите што влегле илегално во кампот ќе ги преместуваат надвор од кампот и дека ќе направат еден голем шатор за нив. Од полиција кажаа дека шатор нема да има.

Влегоа двајца преку ограда и зборуваа фарси, па не можевме да се разбереме. Додека се вративме со преведувач ги немаше каде што ги видовме последен пат и не можевме да ги најдеме во рапхолите.

Организирано е, со Црвен крст, Хиба и Шаам да бидат донесени во Скопје за да се запише бебето.

Постапката за регистрација на бебето Шаам се искомплицирала затоа што рокот е пропуштен за 4 дена и сега постапката може да трае еден месец или повеќе. Мајката ќе треба да оди пак во Скопје.




БЕРЕГ



15.05.2016 16:00-00:00

Од 18:00 околу 150 бегалци се качија на воз, поради присуство на НВО и прего-лемиот број на бегалци полицијата ги изнесе сите надвор.

На втор обид после 20:00 повторно на 00:00 беа изнесени надвор.

Претходните 4 дена голем број бегалци го напуштиле кампот со воз.

NOTES

18.05.2016 Владимир Ристевски
16:00 - 00:00 Авеа

• Во канцеларијата на МЗМП - Табак. се обратија 3 лица од Сирија. Сафуат [redacted] на возраст од 25 г., сестра му Рама [redacted] - 21 г. и малолетниот брат Ујат [redacted] - 16 г. Претходно Сафуат [redacted]. се имал обраќано за правен совет до МЗМП [redacted] но сестра му и помалиот брат за прв пат доаѓаат во МЗМП и беа регистрирани во табелата „МУЛД-вен. таб.". Истите кажаа дека сакаат да побараат азил во Македонија бидејќи се останати без пари и не можат повеќе да останат во кампот, бидејќи се од 07.03.2016 год. Истите беа посоветувани наперата за барање на азил да ја искажат самостојно пред полициски службеник во кампот со придружба на преведувач. Подоцна се вратија и кажаа дека побарале азил пред полициски служ. кои им кажал дека ако побараат азил денеска нема да ги одвезат во ПЦ Вижбегово туку во некоја полициска станица не се знае која. И дека подобро утре на 19.05.2016 [redacted] во 9 часот наутро да дојдат пред канц. на МВР во склоп на кампот и да побараат азил. На прашање од полицаецот зошто не заминат за Србија, Сафуат му одговорил дека нема пари за тоа.
• Според информации од La Strada во кампот има 244 лица.
• Една постара жена [redacted] од Сирија] побара медицинска помош од страна на здравствен раб. поради висок крвен притисок. Истата жена пред 2 дена побарала лекови за висок крвен пр. но сеуште не и донеле.
• Генерално состојбата во кампот е мирна и таква остана до крајот на смената

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC
Date

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016) на Македонското здружение на млади правници

Мартина Мартинова
Јелена Исеч

NOTES

19.05.2016
08.00 – 16.00

Разговарано со полицијата неколкупати за барањето на Софијат ВВВВВВВВВ и нејзиниот отповор е дека не смеат да регистрираат барање за азил овде и да се отпратат барањата во Србија.

По информација со ИНСЕ и УНХЦР (Сиајре и Тавалобуј) беше фрлено да се инсистира пред да биде регистрирано барањето на наредните денови од полицијата.

Разговарање со Софијат во врска со нејзината бараше и со постапката за азил. Речено е ѝ да апелира за азил и се упатуваме за детските права како бордиер.

Од УНХЦР ни беа испратени упатувања за семејно обединување, дали и нејзиното име бидејќи треба да се започне со барањето и дека ние не можеме да помогнеме...

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC

Date

Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници


19.05.2016 16:00-00:00

На почетокот на смената дојдоа една група на мажи кои ни се жалеа за храната и ни кажаа дека дента ги фотографирале и на сите ќе им дадат картичка со слика, име и баркод и со тие ќе можат да земаат храна. Исто така ни кажаа дека денес се снимал документарен филм во Табановце и собирале луѓе за да ги снимат сцените. Немаа информации од каде и што.



Статистика од 19.05.2016:
Табановце – 244 (иако МТСП велат дека според број на дадени купончиња за храна биле околу 300, дури и повеќе од 300)
Винојуг – 101
Визбегово – 68
Гази Баба - ?
Safehouse – 15
Other – x





21.05.2016 00:00-08:00

Времето е врнежливо, во кампот е мирно и има многу слабо движење на лица. Во првиот шатор е изгаснато светлото изгледа сите спијат. Во вториот е осветлено и се сместени 4 фамилии и новодојдениот Пакистанец кој моментално спиеше. Третиот шатор е празен и заклучен.
По кажување на лице од Црвен крст во кампот официјално има 290 лица.
Во утринските часови кампот делува мирно и делумно празно, дождот не престана да врне до крајот на смената.

22.05.2016 08:00-16:00

Кампот е мирен. Се будат покасно од вообичаено.
Пред 12:00 забележани се двајца мажи и 2 деца како го напуштаат кампот и преминуваат преку шумичката позади нашата канцеларија.
Пакистанецот сака да оди во Италија
Сè уште се водат официјални 242 (според МТСП)


24.05.2016 16:00-00:00

Околу 18:00 еден човек од Сирија запали оган во знак на протест затоа што не може да се врати во Грција. Претходно беше кај нас, до ИОМ и до полиција за да му помогне да се врати. Некое време полицијата го однесе некаде. Кога се врати, рече дека оганот бил несреќен случај и дека полицијата го тепала. Шефот ни кажа дека ќе биде вратен со возот во 05:00 ама да не се споделува.




На 24.05.2016 Сермат од Дамаск со другарите се обидел илегално да премине во Србија, но заради тоа што тој немал пари да продолжи, другарите му избегале, а тој сам се вратил во кампот во Табановце. Во кампот сакал да се одмори и потоа да се врати во Грција, бидејќи неговото семејство е таму.
По палењето на шаторот, полицијата го земала и го водела извесно време, кога бил симнат во шума, каде бил тепан. Полицијата најмногу го удирала по грбот. Откако завршиле со тепање, го оставиле таму и му рекле да се снајде сам. Се вратил пешки во ТЦ Табановце.

Сермат е многу уплашен и е сместен во изгорениот шатор.



На 26.05.2016 околу 20:00 е обавен разговор со Сермат од Сирија роден на 15.04.1998. Во текот на разговорот, со преведувачката Сузана беше прилично нервозен и дрзок, кажуваше дека сака да се врати во Идомени, таму останале двајца вујковци со кои патува, а неговите родители останале во Сирија. Ова е втор пат како што влегува во Македонија, првиот пат го фатила полиција и го вратиле, а сега повторно дошол со група од неколку луѓе, кои го оставиле во кампот наредниот ден по пристигнувањето и си заминале. После разговорот се потсмири малку и си отиде.





Според преведувачот од Ла Страда, Сермат од Дамаск, не е полнолетен и патува без придружба, но во разговорот со преведувачката Сузана дозна дека веќе има наполнето 18 години. И според документите кои ги поседува: пасош и грчки документ, се потврдува дека е полнолетен. Не сака да остане во Македонија и инсистира да се врати во Грција.

01.06.2016 08:00-16:00

Со Хиба, мајката на Шаам, разговаравме да ми донесе венчаница од Германија, или да поднесе изјава дека не е венчана, кога ќе одлучи што ќе прави ќе ме извести.

01.06.2016 16:00-00:00

Прва обиколка околу 17:00, разговаравме со Хиба од Сирија, која се породи пред 1.5 месец и чие дете треба да се запише во МКР; ѝ пренесовме дека за да го запише детето, при поведување на постапката потребно е да ја прикачиме венчаницата како доказ и за таа цел, да му јави на сопругот во Германија да го испрати оригиналот по *DHL* пошта, а скенирана копија по мејл или Вајбер за да се преведе додека стигне оригиналот.
Ни кажа дека не сака да го даде оригиналот затоа што се плаши дека ќе го изгубат или нема да ѝ го вратат и не сака повеќе да остане во кампот, планира утре да замине за Германија кај сопругот. Ја советувавме дека во најдобар интерес на детето е да биде запишано во МКР и да добие извод од МКР, кој ќе ѝ биде потребен каде и да оди и да се стрпи уште 2-3 недели додека го добие изводот, а ние ќе се потрудиме да ја убрзаме постапката. На ова одговори дека 55 дена откако се родило детето чека, плаче секој ден, не може да издржи повеќе. На ова ѝ кажавме дека нејзина е одлуката, за детето сепак е најдобро да добие извод, затоа до утре нека размисли уште еднаш, ако се одлучи да го запише да нѐ побара.

03.06.2016 16:00-00:00

Ѝ објаснивме на Хиба дека маж ѝ ќе мора да го прати венчалниот лист ако сака да извадиме извод. Маж ѝ одбива да го прати документот.

Според МТСП, на 31.05.2016, во кампот има 200 лица, утрото на појадок се јавиле 183 лица.

На 09.06.2016 хигиеничарите штрајкуваат и блокиран е патот од селото до кампот, до каде единствено се стигнува пешки.

Неофицијално во кампот има 80 луѓе. Според информација од МТСП, од 08.06.2016, бројката на бегалци е 130.







Колку што се сеќавам, во врска со приказната за изводот на Шаам, мајката на Шаам, доста млада девојка на која ова и беше прво дете, беше во кампот со мајка ѝ и, мислам, помал брат и сестра и сите беа, сместени во една соба во куќарката на СОС детско село. Бебето беше мало, се разбира, и не беше топло за да седат во ниедно друго место. Се потрудивме да извадиме извод на неколку наврати одејќи прво во Куманово, па потоа во Скопје и не можевме да извадиме затоа што цело време ни кажуваа дека ни фалат некои документи. Проблем беше што и таткото на бебето не беше тука, туку во Германија, исто така, мислам дека одговорните не знаеја точно како да ја заведат Шаам, т.е под кое презиме итн. Дополнително, на фамилијата ѝ се брзаше да си замине и некако успеавме да ги убедиме да поседат уште некое време. Сепак, на крај, во текот на една вечер, си заминаа и никогаш повторно не ги видовме. Не беа задоволни од долгиот процес и поради тоа што најмалку два пати мајката на Шаам одеше до матично.

Проблем кој секогаш се појавуваше и во други слични случаи, е тоа што кај нас на шалтер вработените одбиваат да прифатат апликација за извод и слично, бидејќи по нивно видување не се сите документи во ред, т.е ригидно ги интерпретираат потребните документи предвидени во закон.

02.09.2018 Сања Миленковиќ, дел од тимот на Македонското здружение на млади правници за време на бегалската криза, се сеќава на случајот за заведување во Матичната книга на родени на новороденчето Шаам, родено за време на престојот на неговата мајка во кампот во Табановце.

11.06.2016 00:00-08:00

На почетокот на смената во кампот имаше раздвиженост на лица иако нивниот број беше мал. Во градинката на Ла Страда си играа деца. Во кујната надвор седеа околу 30 лица. Покрај пругата стоеја околу 10 мажи (мигранти), кои ги набљудуваа вагоните. Само во првиот голем шатор имаше лица, вториот и третиот шатор беа празни и затворени. Едно семејство од Авганистан ни кажа дека во кампот има 27 Авганистанци и 73 Сиријци. Повеќето мигранти се напнати и сакаат да си заминат што е можно побрзо за Србија, бидејќи од полиција им кажале дека за 4 дена ќе ги вратат за Грција. Прашуваа кога ќе бидат отворени границите за нив. Околу 03:30 неколку мигранти се движеа околу вагоните кои беа паркирани покрај кампот. Нема информација дека некој го напуштил кампот во текот на ноќта.

11.06.2016 16:00-00:00

Со УНХЦР зборевме со тројцата нови Авганистанци и едниот дечко од Бангладеш. Ни кажаа дека 5 дена биле во Визбегово и дека имале поднесено документи за азил односно барање за азил и имаа потврди издадени од центарот. Рекоа дека им се допаднало таму, но немало луѓе односно виделе како луѓето си оделе од таму и се решиле и тие да си заминат. Стигнале во кампот во Табановце и со помош на Ла Страда и МТСП се сместиле во една од Икеите до пругата. Полицијата не знае дека се тука. Пред да стигнат во Визбегово, рекоа дека 18 дена биле задржани во Гази Баба. Таму имало поголема група (околу 20 души) од кои полицијата ги одбрала нив четворица да ги внесе во постапка за азил, а остатокот биле депортирани во Грција. Прашуваа како да се качат на возот бидејќи знаеле дека претходно се качувале луѓе на воз и стигнувале во Белград. Претходно ги видовме истите луѓе како се вртеа околу возот и околу вагоните, но истите беа заклучени и немаше можност да се качат безбедно. Можеби во текот на вечерта сепак возот ќе биде натоварен.

12.06.2016 08:00-16:00

При првата обиколка кампот беше релативно мирен. Возот се спремаше да замине и од полицијата беа фатени 11 лица кои се обидле да се качат на возот. Меѓу нив имаше и 6 малолетни деца. Истите се подолго време дел од транзитниот центар и според колегите од другите организации имале 4 претходни обиди илегално да преминат во Србија. Според полицаецот на смена првично биле забележани 13 лица, што значи дека сепак двајца успеале да се качат на возот. Еден од тие двајца и ние успеавме да го забележиме како се качува на возот откако истиот почна да се движи.

16.06.2016 00:00-08:00


Мерием [redacted], 01.08.1982 од Сирија. Побара од нас помош за враќање во Грција, па од таму да се врателa во Турција. Причината поради која сака да замине е нејзиниот сопруг кој е исто дел од кампот и често физички ја малтретира. Иако заедно пристигнале сега седат одвоено. До денес четирите нивни деца биле со неа, но денес ѝ ги зел и наводно и нив ги тепал и се заканил дека ќе ја остави во Македонија, а тој со децата ќе продолжи кон Србија. Единствено со неа може да остане 17 годишната ќерка и нејзиниот сопруг. Ќерката е наводно трети месец трудна.



На 13.06.2016 избројани 128 бегалци (од кои 58 деца). Повеќето спијат поради постот. Мирно е и без инциденти. Преместен е контејнерот за гинеколошки прегледи.

17.06.2016 16:00-00:00

100 степени е надвор. Тие што беа надвор од нивните куќи кажуваат дека најверојатно вечерва ќе заминат.
Во кампот е мирно и не се случува ништо.
Скоро е 22:00 и во тек е пребројување на бегалците од страна на УНХЦР.
Во кујна гледаат фудбал, а децата досаѓаат низ цел камп. Веќе научиле нешто да зборат на македонски.
Знам дека ги трошам џабе редовите, али стварно не се дешава ништо.





18.06.2016 00:00-08:00

Времето у 3та смена е таман за шетање. Деца сами гот-ват на шпорети.
Докторите се жалат дека изгледа децава намерно се повредуваат пошто има повеќе интервенции него у пун камп.
Тројца излегоа со точаци околу 12:45, преведувачот на Ла Страда вика дека не-ма да се вратат.
Околу 01:15 цела група Ав-ганистанци покуша да се качи на воз, никој не успеа. Најблиску фамилијата на Самира, ги симнаа од воз. Се намести нов товарен, гру-пата уште е таму и претпос-тавувам ќе пробаат да се скријат.
03:30 група возрасни ма-жи се собрани на крај на камп и нешто жустро се објаснуваат.

20.06.2016 16:00-00:00

Еден Сириец од кампот ни кажа дека на интернет видел дека во Канада бараат Сиријци за работа. За оваа информација прашавме во МТСП и ни кажаа таква информација немаат добиено официјално. Во кампот беше организирана Арапска вечера од Ла Страда на која беа присутни околу 70 лица.

24.06.2016 00:00-08:00

Вообичаена раздвиженост за Ифтар.
Двајца се вратиле од Германија и планираат да одат за Турција; неофицијалната бројка според броење на Ла Страда 50-60 бегалци.
Информација дека вечерва планираат да си одат 10-20 бегалци; нервозни се поради тоа што никој не им кажува никаква информација.
Можно е со возот во 00:30 да си отишле некои.
Нема информација дали некој си отишол со возот околу 03:30.

25.06.2016 08:00-16:00


Во разговор со претставник на УНХЦР добив информација дека во кампот се присутни 91 лице, а според евиденцијата на МТСП во кампот има 87 или 88 лица.
Доставени документи на Нора кои ќе ѝ овозможат да го регулира својот престој во РМ.


26.06.2016 08:00-16:00

Според УНХЦР има 90 бегалци: Сирија 70, Авганистан 13, Ирак 7.

29.06.2016 16:00-00:00

Направена проверка по пристигнување во кампот. Атмосферата мирна, освен дечињата пред шаторот на Ла Страда и пар возрасни кај кујната, преостанатите мигранти беа во своите контејнери. За време на вечерата поголема раздвиженост. Во вториот рапхол 20-тина дечиња на проектор го гледаа Кунг фу панда. Според последното пребројување на УНХЦР во кампот преостанати се 76 мигранти, но изгледа дека се помалку.






12.07.2016 16:00-00:00

Околу 18:00 добив информација од Симона од УНХЦР дека непридружуван малолетник од Авганистан пристигнал, она разговарала со него и да ги споредиме приказните откако јас ќе разговарам. Во разговор со него дознав дека се вика Навид [redacted] од Чар Булак, Авганистан. Не знае точно кога е роден 2000 или 2001 година ќе наполни за некој месец 16 години (не ги знаел наводно месеците на англиски, иако многу добро говори англиски). Целата негова фамилија е во Авганистан. Патува цело време сам. Во Грција престојувал 4-5 месеци дошол од Атина во Македонија пред 6-7 дена со криумчари. Патувал во група со 21 лице, но во Неготино ги изгубил. Од Неготино пешки отишол до Велес, од Велес до Скопје. Во Скопје останал 2 дена, спиел на улица. Цело време патувал без храна и вода. Не носи со себе никакви документи. Грчките документи му ги зеле во Македонија. Наводно некаква приватна полиција. Сака да патува во Шведска или Германија бидејќи и на двете места има пријатели. Многу е резервиран за приватни информации кога го прашувам. На прашање зошто сам се одлучил да патува кога цела негова фамилија е во Авганистан кажува некаква приказна бидејќи брат му е преведувач, работи со странци и му претеле по живот??? Два пати го прашав и истото го повтори. Од Скопје до кампот дошол со воз (се сокрил во *WC*).

Сафуат од Сирија што побара азил на 18.05.2016, повторно се обидел. Одговорот на полицискиот службеник е да дојде следниот ден во 08:00, зашто немале обрасци.

Нура [redacted] од Алепо, Сирија, родена на 10.01.1985, се интересира за постапката за семејно обединување. Нејзиниот сопруг заедно со неговата прва жена е во Германија, Нура, иако е негова втора жена, сака да знае дали постои можност да се обедини со сопругот или барем да ги обедини нејзините деца, кои се наоѓаат заедно со неа во кампот со нејзиниот сопруг кој во Германија добил престој од 3 години.



Фотографии од кампот кај транспортниот центар Табановце















17.07.2016 16:00-00:00

Жената, новодојдена, од Сирија, е сместена во контејнерите, поточно *C*-20, блиску до девојчето Луња и нејзиното семејство. Бидејќи немаше наш преведувач го замолив Малек од СОС да ни преведе. Жената има многу чудна приказна, со хеликоптер е пренесена од нејзиниот град Дер ез-Зор во Сирија, пренесена е во Турција. Има 4 деца, возрасни, а патувала со нејзината ќерка и двајца синови возрасни. Пред тие да заминат од Дер ез-Зор заминал нејзиниот четврт син со неговото семејство кој веќе е стигнат во Германија (во контакт се). Преминала од Турција во Македонија. Во Македонија преку Лојане со помош на криумчари со групата и децата нејзини со кои патувала, платиле 1000 евра да ги однесат до Белград, но при сам влез во Србија полицијата ги пресретнала групата се растурила и останатите се разбегале, а неа ја фатиле и ја вратиле во Македонија. Не знае каде ѝ се децата и мисли дека ќерка ѝ е сè уште во Србија. Полицијата не ѝ дава да се задржи повеќе од 7 дена.

Информација дека 50 бегалци се вратени на 17.07.2016. Српската полиција тврди дека има враќања од Унгарија кон Србија и тоа ќе има домино ефект кон нас. Се претпоставува дека бегалците се отидени во Лојане.
Во кампот, помеѓу 70-те останати бегалци, не се размислува за одење кон Србија, бидејќи имаат информација дека таму веќе не е сигурно дека ќе поминат.





Принтскрин од видеото „Низ терен со бегалците“
https://www.youtube.com/watch?v=iovytAI2RlA&t=43s пристапено: 04.09.2018



Ако добро се сеќавам, тоа беа девојченца од 8 и 12 години. Беа меѓу луѓето кои беа заглавени во Табановце по затворање на бегалската рута и границите. На почетокот кога сè уште одев ноќна смена и кога во кампот беше тивко и сите спиеја - Луња и Хајат седеа со мене во нашата канцеларија. Сите три си работевме - јас обично пишував извештаи за теренската посета, а на нив им давав бели листови, боички и фломастери и ми цртаа различни цртежи. За време на дневните смени, откако ќе им завршеше училиштето (кое се спроведуваше во една од Икеите на Ла Страда), повторно доаѓаа кај мене во канцеларија - пуштаа арапска музика, цртаа, игравме различни игри и слично.

Така со текот на времето многу се зближивме, многу ги засакав и често им носев парфемчиња, шнолички, ластичиња, сликовници и боенки (освен оние кои веќе ги имаа од Ла Страда). Ме чекаа секој ден да дојдам, на главната порта, кај полицијата за прием и легитимирање. Кога не сум на смена, секогаш ме бараа кај колегите и секогаш сакаа да ме слушнат по телефон, прашувајќи ме кога наредeн пат ќе дојдам во кампот.

Но за жал еден ден во (по мое сеќавање) септември, Луња и Хајат со нивните семејства беа заминати од кампот со цел да ја поминат границата со помош на други луѓе и да стигнат до Германија, нивната посакувана дестинација. Иако имаше и други деца во кампот, кои не можеш да не ги сакаш и не можеш да не си поиграш со нив или да им донесеш некоја ситница од љубов, но Луња и Хајат засекогаш ќе останат во моите спомени.

Искрено се надевам дека девојчињата и нивните семејства си го нашле своето безбедно, мирно и среќно катче, некаде во светов. Се надевам дека нивното детство до крај ќе биде безгрижно и мирно и дека никогаш нема да се сетат на непријатностите и солзите кои ги имале за време на нивните патешествија.

15.08.2018 Елена Георгиевска, дел од тимот на Македонското здружение на млади правници, се сеќава на девојчињата Луња и Хајат, кои престојувале подолго време во кампот во Табановце во време кога била затворена бегалската рута на Западен Балкан во летото 2016.

20.07.2016 Сања Митанџиовиќ NOTES
Миле Николовски


- кога пристигнавме ме информираа дека има 8 нови лица во камп от (3 м, 1 ж, 4 д) од Сирија кои пристигнале околу 10.30 h утринава. Разговарав со двајца од машките и на кратко со женката, но не сакаа да ми кажат имињата бидејќи веќе сто пати ги повториле денес. Приказната која ми ја раскажаа е во Word документ на Desktop

- подоцна со Симона од UNHCR, кога се промени смената на полицајците, се обративме кај нив за да видиме кој им е планот со новодојдените. Прво не беа информирани за случајот, па подоцна по консултации ни кажаа дека ќе им биде дозволено да преноќат ја утре сабајле ќе видат што ќе прават

- една жена од Сирија ми се обрати за да ме праша дали може да се обрати за да биде вратена во Грција бидејќи веќе не сака да чека

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31 Date
JAN FEB MAR APR MAY JUN JUL AUG SEP OCT NOV DEC


Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници




Детаљ од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници. „Јас сум Луња и бев овде." испис на 8-годишната Луња од Сирија

23.07.2016 16:00-00:00


Во кампот нема голема раздвиженост. Околу 18:00 во кампот почнаа да доаѓаат играорци кои треба да им одржат настап на бегалците, а сето тоа во организација на ЦУК и МТСП. Дојдоа играорци од Србија, Босна и Херцеговина, Македонија и Црна Гора. Настанот започна околу 20:30 часот и траеше отприлика 1 час, а се одржа во третиот рапхол. Бегалците значително се расположија. По завршувањето на формалниот дел, музиката се премести пред кујната каде бегалците пуштаа арапска музика и играа, а потоа во играњето им се приклучија и гостите играорци. Се чувствуваше позитивна атмосфера.
Добив информација од Ла Страда дека луѓе од ИВЗ доаѓаат во кампот и им даваат пари на бегалците.





27.07.2016 16:00-00:00

17:30 Во првиот голем шатор се наоѓаа 8 лица 4 од Мароко и 4 од Алжир. Повеќето беа уморни. Ни кажаа дека полицијата утрото околу 06:30 ги истерала од кампот и им кажала да си заминат за Србија. Но тие не успеале во тоа бидејќи еден од нив настрадал од струен удар кога се качувале врз вагоните. Нивниот пријател го однеле во болница во Скопје и им кажале дека е добро и ќе го пуштат за 2-3 дена. Потоа тие се вратиле пак во кампот и решиле да го чекаат. Нивната намера е да продолжат за Србија.




> Според УНХЦР на 27.07.2016 во кампот има 90 лица, од кои еден во болница.

> Нора разговараше телефонски со таткото на лицето кое страдало од струен удар и моментално се наоѓа во болница. Истиот ја преминал границата со Србија илегално, со помош на шверцери, моментално се наоѓа во Белград и бараше наша помош како да се врати во Македонија и да биде покрај својот син.

> Сафуат од Сирија делуваше одлучен повторно да поднесе барање за азил. Во претходните неколку наврати од страна на полицијата му било одговарано да дојде утрешниот ден, да си оди во Србија...

30.07.2016 16:00-00:00

Разговарано со три семејства од Сирија во присуство на претставник од УНХЦР кои се пожалија од дистрибуција на облека и обувки. Донација од Ла Страда била поделена без картички, а само едно семејство не земало ништо. Жена со 4 деца од Сирија побарала од дистрибуција облека и обувки меѓутоа ја одбиле, а кога отишла по втор пат ѝ бил прикажан филм за над 18 години (со срамна содржина). Случајот е пријавен во УНХЦР, а и полицијата е информирана за случајот. Од страна на бегалците беше посочено дека не сакаат да о видат човекот во кампот кој го покажал филмот на жената за да нема проблеми.



31.07.2016 08:00-16:00

Денес во кампот беше мошне раздвижено со оглед на фактот дека вчера пристигнаа 7 нови бегалци, а во текот на нашата смена уште 3-ца. Сите претставници на организациите сакаа да направат разговор со нив.

[redacted], 01.01.1999, Мароко
[redacted], 01.01.1989, Мароко

- пристигнати во кампот синоќа, поради економски причини, немање работа, пари го напуштиле Мароко. Им ја обаснивме постапката за азил меѓутоа беа децидни дека не сакаат азил во Македонија, ќе останеле неколку денови во кампот и планирале да заминат за Србија. Едниот од нив кажа дека е роден во 1999 година (малолетник) понатаму ја проследивме информацијата до МТСП.

[redacted], 01.01.1998, Алжир
[redacted], 01.01.1996, Алжир
[redacted], 22.11.1990, Алжир
[redacted], 01.01.1992, Алжир
[redacted], 01.01.1998, Алжир
[redacted], 01.01.1990, Мароко

- пристигнати во кампот синоќа, поради материјални проблеми, немање работа, пари и барање работа во Германија ги напуштиле Алжир и Мароко. Од Софекс камп близу Солун пристигнале во РМ, просек по 6 месеци бил во затвор во Грција. Од Мароко и Алжир со авион до Турција, останале една недела па до Солун. Пешачеле 15 дена без криумчар, по пат ги нападнале луѓе и ги ограбиле, претепале и им ги зеле парите и телефоните. Не сакаат азил во Македонија само еден од нив ќе размисли и ќе нè извести утре.

[redacted], 20.06.1989, Пакистан
[redacted], 01.04.1984, Египет
[redacted], 05.11.1998, Бангладеж

- 4 дена се обидувале да влезат во Македонија илегално, група од 12 возрасни и 10 деца биле криумчарени со 3 возила. Возилото на лицата кај Свети Николе имало сообраќајка, 1 ден потоа престојувале во куќата на криумчарот и избегале. За 50 евра по човек ги пренеле од Свети Николе до Куманово и од таму дошле пешки во кампот. Не сакаат азил, ќе продолжат за Србија и немале проблеми со локалното население во Македонија.

31.07.2016 16:00-00:00

Пред почеток на смената пристигнаа нови 4 лица во кампот тие се:

[redacted], 17 год., Алжир
[redacted], 17 год., Западна Сахара
[redacted], 23 год., Алжир
[redacted], 21 год., Палестина


- овие лица се сретнале во Грција во бегалскиот камп Софекс. Ја преминале македонската граница пред 15 дена без криумчар. Користејќи се со *GPS* на нивните телефони оделе 15 дена пешки и стигнале до Табановце. Ова е нивниот исказ.

- потоа лицата кажаа дека биле вратени од Србија. 4 пати биле враќани од Србија во близина на Лојане. Српската полиција ги тепала.
- не сакаат азил и сакаат наскоро да заминат за Франција/Англија.
- различни приказни кажуваат за тоа како пристигнале, така да не ја знаеме точната.

Околу 21:00 пристигнаа 5 лица пешки
[redacted], 31 год., Мароко
[redacted], Мароко
[redacted], 23 год., Мароко
[redacted], Мароко
[redacted], 23 год., Мароко

- овие лица пешачеле 24 дена и ја поминале границата без криумчар. Ги ограбиле во Велес. Не направивме детално интервју бидејќи лицата одмараа.

Во последниве денови видно е дека пристгаат лица кои пешки оделе од јужната граница.



Репродукција на оригинална страница од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници

Детаљ од книгата на дневни настани (19.01.2016 - 17.09.2016)
на Македонското здружение на млади правници







10.08.2016 09:00-17:00

...работилница скоро пола смена во контејнерот на МГК. Повеќе од 15 жени дојдоа и беа многу задоволни.






12.08.2016 09:00-17:00

Разговарано беше со жената со децата повторно. Патувала заедно со дечко од Идлип од Грција до тука. Имаат двајцата намер да патуваат накај Германија. Ја напуштила Сирија пред година ипол сама со 4-те деца. Со маж ѝ се развела затоа што тој не сакал да си оди од Сирија и останал во Дер ез-Зур. Патувале преку Турција, Грција каде дошле до кампот Софекс. Поминале месец ипол таму при што се среќаваат со дечкото од Идлип (Махмут [redacted], 21) Се знаеле преку роднини и почнале заедно да патуваат. Во кампот дошле во контакт со криумчар. Тој преку друг криумчар во Идомени и двајцата Пакистанци им помагаат да ја поминат македонско-грчката граница. Границата ја поминуваат пред 13 дена со група од 40 луѓе. Заедно патуваат 4 дна. Дел од таа група успева да премине во Србија, а жената (Кадија [redacted], родена на 13.02.1968) со децата и со дечкото од Идлип, но и плус 3 мажи, неуспешно неколку пати се обидуваат да преминат граница. Скришно пред две вечери доаѓаат сите 9 во кампот. Жената има документи и децата, а дечкото само лична карта. Спомена дека побарала азил во Грција и дека ѝ правеле интервју. Сместена е во *C*-5.

> Имало обид да се запали третиот рапхол, но не било најдено кој го направил тоа. И било спречено навреме. На безбедносните камери не може да се види кој го запалил оганот.

> Информација од УНХЦР дека можно е околу 15 август да се отворат границите.




12.08.2016 17:00-01:00

Мажот на трудницата Ола е нападнат во селото со нож, при што е прободен во раката. Известена е полицијата и извршен увид во селото при што не е најден напаѓачот. Потоа мигрантите во кампот сакаат да се упатат кон селото за да се осветат, при што беше разговарано со нив и беа одвратени од намерата. Во меѓувреме повредениот со придружба на Црвен крст беше во болницата во Куманово.
Во 23:30 зборувавме со повредениот, бил нападнат од „мафија“ на криумчари бил соблечен гол, тепан, а потоа прободен. Му барале пари, а тој се враќал од пазар и во него немал пари

13.08.2016 09:00-17:00

Зборувавме со дедото на едниот од бегалците кој бил нападнат вчера; ни кажа дека ги нападнале 5 души од Лојане кои збореле албански и англиски, раната на зет му не била длабока поради тоа што успеал некако да го избегне ножот, со некој началник од полиција биле да ги бараат напаѓачите но не ги нашле, биле однесени во болница каде добиле инјекции и лекови, сега се добри.



> Според бегалците во кампот првиот рапхол не бил намерно запален туку тоа било незгода од детска игра, децата запалиле хартија и пластика, но ја запалиле многу блиску до рапхолот; кога осетиле бегалците мирис веднаш го изгасиле огнот.

15.08.2016 09:00-17:00

Направивме разговор со еден од тројцата кој што пристигнал пред три дена. Стигнале тројца заедно, двајца од Алжир и еден од Авганистан. Патувале заедно од Грција. Дечкото има 27 години и се вика Азус [illegible]. Патува накај Франција. Има завршено само основно училиште. Тргнал од Алжир пред година дена сам накај Турција со авион. Потоа патувал до Грција со воз скришно под возот. Потоа го фатила полиција и бил 6 месеци во затвор во Корантос, Грција заради непоседување на документи. После тие 6 месеци тргнал од Грција накај Македонија преку Идомени со воз до Табановце. Каде го фатила македонска полиција и го пратила накај Србија. Па го фатила српска и пак го вратила. Заедно со уште двајцата други што патувале заедно вчера 3 пати пробале да поминат и ги фаќала српска полиција.




Сабајлето на 14.08.2016 во кампот се обиделе да влезат неколку Мароканци и Алжирци преку дупките во оградата, но полицијата ги видела и ги избркала.

Сафуат повторно на 14.08.2016 бил кај полицајците да поднесе барање за азил и бил вратен. Нервозен е и разочаран што веќе повеќе пати го одбиваат.

Доаѓа филмска екипа за снимање на краткиот документарен филм за *UN WOMEN*.



Принтскрин од видеото „Нејзината борба е моја борба“
https://www.youtube.com/watch?v=j3zFpBLOatE пристапено: 04.09.2018



Нејзината борба е моја борба!
Да им го вратиме достоинството на овие жени!

Ова видео ги претставува приказните на жените бегалки/мигрантки кои престојуваат во транзитните и прифатните центри во Македонија. Нивната приказна е приказна на мачнина и очај, но и на надеж и визија за иднината.

од Годишниот извештај на МЗМП за 2016

22.08.2016 17:00-01:00

Калид [redacted] влегол легално во Грција каде се запознал со криумчар кој му ветил дека ќе го однесе до Италија директно за 5000 евра. Го качиле во ладилник и го донеле до Лојане во куќа каде ги држеле заробени во куќа од 43-ца и им давале само вода и леб. Ги ограбиле и едвај успеал да им побегне. Се занимава со софтверски апликации. Има со него документи, си отишол од државата за да најде подобра работа.







24.08.2016 09:00-17:00


Денеска околу 09:00 полицијата ги избрка сите мигранти од Алжир и Мароко сите се во околната шума и железничка станица.

25.08.2016 09:00-17:00

Вчера во Лојане била силувана жена од Сирија, а маж ѝ го претепале; група од 4 Пакистанци им го сторила ова; Мохамед повикал полиција, брза помош и го известил тимот на Црвен крст во Лојане; жената, мажот и нивните 3 деца заедно со полициска придружба и возило на брза помош биле транспортирани до Гинекологија во Куманово, биле прегледани и веднаш со полиција биле однесени некаде и им се губи трага.

25.08.2016 17:00-01:00

Жената што била однесена од Лојане во болница излезе дека било лажна пријава за силување. Тие биле дел од поголема група на мигранти и пријавиле лажно силување затоа што сакале да се вратат во Грција. Не е потврдено, но полицијата сакала и глоба да им наплати заради лажна пријава затоа што по направениот гинеколошки преглед увидено е дека е лажна пријава.



Заедно со УНХЦР пребројани се 67 бегалци.

Полицијата правеше претрес во *C*-2 кај Сафуат зашто фатиле еден од бегалците со нож (25 cm) и добиле информација дека и во *C*-2 има. Од полиција кажаа да им се пренесе на бегалците дека никој не смее да има нож.

02.09.2016 17:00-01:00

Вратено е семејството од Палестина. Мајка, татко и две деца: Мохамед [illegible] год., Мариам [illegible] 22 год., Исеф 2 год. и Басима 1 год. Патувале заедно со семејството што пристигна вчера (мајката и синот од Палестина сместени во *C*-19). Преплашени се од криумчарот на кој му должат пари. По долго молење од страна на Хелсиншки полицијата им дозволи да останат. Ова им е втор криумчар со кој патувале. Оделе од Египет до Турција 2 месеци, потоа во Солун се сретнале со првиот криумчар од кој избегале, го сретнале вториот со кој по 13 дена пат низ Македонија пробале да ја поминат границата накај Србија, безуспешно. Отакако ги избркала српската полиција останале во шумата во текот на ноќта, врнело и некако успеале да се одделат од криумчарот. Преплашени се да не дојде криумчарот во кампов. Сакаат азил, видете утре.

Од броењето на УНХЦР од 28.08.2016 во кампот има 61 мигрант.

Потврден случај на шуга, семејството ќе биде преместено во друг контејнер. Има барање за палење на душеци и ќебиња.


Дезинфицираа од Јавно здравје. Од Легис ветија дека ќе донесат нова облека утре. Од УНХЦР ќе донесат за сите нови душеци.

Дечкото што го фатило струја од Алжир пред два месеци и што бил во болница во Скопје го вратија во кампот на 06.09.2016.



05.09.2016 09:00-17:00

Сафуат пробал да се самоубие легнувајќи на пругата. Полицијата го тргнала.





05.09.2016 09:00-17:00

Нови нема, Икеите се празни. Има планови
за 12.08 да се направи некоја прослава да ги
собереме сите.

05.09.2016 17:00-01:00

Цела вечер врнеше. Мигрантите си беа во своите
контејнери. Ништо не се случуваше.

06.09.2016 09:00-17:00

Врнежливо.
Делегација од УНИЦЕФ снимаат низ кампот и
прават интервјуа со бегалци.
Нема информација за нови или заминати бегалци.

07.09.2016 09:00-17:00

Денеска цел ден врнеше; само вообичаени
движења.
Ништо не се случуваше, освен што ги вадеа
Икеите.

10.09.2016 09:00-17:00

Некои од жените сабајлево околу 11:00-12:00
заминаа во Куманово да пазарат за празникот.

11.09.2016 17:00-01:00


При обиколка на кампот не е забележана нево-обичаена активност; бегалците се собрани пред кујна и готват за утрешниот празник.

13.09.2016 17:00-01:00

Денес немаше нови влегувања и излегувања во кампот.
Се славеше празникот.


16.09.2016 16:00-00:00

Вечерта помина мирно. Кампот е претежно полн со деца од селата.



09.09.2016 17:00-01:00

Од УНХЦР ми кажаа дека Сафуат веќе 3 дена не е во кампот и дека бил виден во Скопје



Автори (правници на терен):
Митко Кипровски
Зоран Дранговски
Елена Георгиевска
Арбен Гудачи
Иван Кочовски
Мартина Мартинова
Александра Цветановска
Диме Ѓорчевски
Гоце Коцевски
Сања Миленковиќ
Бојан Костовски
Миле Николовски
Назиф Авди
Александра Ефремова
Бојан Трпевски
Владимир Ристевски
Маја Атанасова
Славица Јаковска
Марија Василевска

Преведувачи на терен без кои разбирањето со бегалците ќе беше невозможно:
Надер Сулејман
Сеадин Џафери
Алаа Мохамед
Абделмонем Ал Салех
Метин Исени
Сузана Омар

Фотографии:
Фотографии од документација на МЗМП стр.: 15, 25, 43, 59, 77, 79, 85, 93, 94, 99, 107, 108, 109,111, 119, 126, 127, 129, 133. © МЗМП
В. Георгиевски / Ла Страда (извештај „Сам меѓу илјадници луѓе“) стр. 49.
Мартина Мартинова / МЗМП (извештај „Рама“) стр.: 53.
Мартина Мартинова / МЗМП (извештај „Однесено со бомбите“); стр.: 61.
Мартина Мартинова / МЗМП (извештај „Сириска љубовна приказна“) стр.: 73
Илија Прокопиев / Приватен принт стр.: 11, 17, 21, 27, 63, 75, 121, 131, 137, 141, 143. © Илија Прокопиев

Цртежи:
Илија Прокопиев за Приватен принт
© Илија Прокопиев, 2018

